ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14-248/1**

**Дата: 18.02.2014**

**ДО**
**ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ – ПЦЕР ТЕТОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење) на Политичката партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР (во понатамошниот текст ПЦЕР) за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на политичката партија ПЦЕР за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ПЦЕР за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година ревизијата констатира одредени состојби и тоа:

- Годишната сметка и Годишниот извештај[1] не се доставени до Државниот завод за ревизија и истите не се објавени на веб страната на партијата;
- не е извршен попис на побарувањата и обврските и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на истите;
- отсуство на навремено, ажурно и хронолошко презентирање на сите податоци регистрирани во деловните книги согласно на периодот на нивното настанување;

[1] На ден 10.12.2013 година до Државниот завод за ревизија, партијата достави Годишна сметка и Годишен финансиски извештај.

- исплата на парични средства на име заеми на други правни субјекти;
- несоодветна евиденција и необезбедување на придружна документација при благајничкото работење;
- неможност од потврдување на вкупните трошоци во случаите каде што партијата користи деловен простор со надомест или за висината на примените донации во случаите каде што партијата користи објект без надомест;
- неусогласеност помеѓу износите презентирани во деловните книги/заклучниот лист и финансиските извештаи;
- отсуство на примена на модифицираното сметководствено начело за признавање на приходите и расходите;
- отсуство на документација за основот на добиениот прилив на парични средства на име цесија;

Надлежните органи и законскиот застапник на партијата потребно е да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:
- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации, како и
- отсуство на изработени пречистени закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Извршивме обелоденување во делот на начинот на обезбедување на средства на име членарина за финансирање на активностите на партијата.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1172/3 од 31.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 16 до 18) заедно со ревизија на усогласеност за сметка за редовно работење на политичката партија ПЦЕР за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства и значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Политичката партија за целосна еманципација на Ромите – ПЦЕР за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Самка Ибраимоски, претседател на партијата од 22.04.2008 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа

одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ПЦЕР се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на

финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.12.2013 година до 04.12.2013 година кај Политичката партија за целосна еманципација на Ромите – ПЦЕР.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 18.12.2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1172/3 од 31.12.2013 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка политичката партија е должна да ја достави до надлежните органи и јавно да ја објави на веб страницата на политичката партија. Со извршената ревизија констатиравме дека годишната сметка не беше доставена до Државниот завод за ревизија и во исто време на ревизијата не и се презентирани докази дека Годишната сметка/целокупниот сет на финансиски извештаи се објавени на веб страната на партијата. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истата од страна на заинтересираните страни.
По препорака на ревизијата Годишната сметка на ПЦЕР на ден 10.12.2013 година е доставена до Државниот завод за ревизија.

**Препорака**
Законскиот застапник на партијата да преземе мерки и активности за објавување на Годишната сметка на веб страната на партијата и да обезбеди податоците на соодветен начин на бидат достапни на заинтересираните страни.

3.1.2. Со одредбите на член 27 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е уредена обврската за изготвување и доставување на Годишниот финансиски извештај до надлежните органи како и негово објавување на веб страната на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е изготвен и доставен до Државниот завод за ревизија како и дека е објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истиот од страна на заинтересираните страни, како и на остварување на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

По препорака на ревизијата Годишниот финансиски извештај на ПЦЕР на ден 10.12.2013 година е доставен до Државниот завод за ревизија.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе мерки и активности за објавување на Годишниот финансиски извештај на веб страната на партијата и обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на заинтересираните страни.

3.1.3. Со извршената ревизија на искажаните трансакции/сметководствени настани во деловните книги, придружната документација и усогласување на сметководствената со фактичката состојба ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и Законот за финансирање на политичките партии и тоа:

- не е извршен попис и не е извршено усогласување на состојбата на средствата и обврските искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со попис на 31 декември;
- не е обезбедено навремено, ажурно и хронолошко презентирање на сите податоци регистрирани во деловните книги согласно временскиот редослед на нивното настанување, поради што евиденцијата на настанатите трансакции во деловните книги е извршено со налози за книжење од ден 31.12.2012 година;
- на сметката активни временски разграничување искажан е износ од 744 илјади денари за кој не се презентирани уредни и веродостојни документи;
- извршени се исплати во вкупен износ од 929 илјади денари од кои 541 илјади денари се однесуваат на дадени заеми/кредити по склучени договори за заеми со правни лица, кои не се вратени до денот на

известувањето од извршената ревизија и 388 илјади денари на име фактури за набавени градежни материјали.

Утврдените состојби влијаат на реалноста и објективноста на финансиските извештаи, квалитетот на информациите кои ги даваат истите и соодветното користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните органи на Партијата да превземат мерки и активности за:

- вршење попис и усогласување на состојбата на средствата и обврските искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со попис на 31 декември;
- редовно, ажурно и хронолошко искажување на сметководствените настани според датумот на нивното настанување врз основа на поткрепувачка веродостојна документација;
- користење на средствата за остварување на програмските цели на партијата.

3.1.4. Презентиран е склучен договор на ден 01.01.2010 година помеѓу ПЦЕР и правен субјект кој е отстапувач на броило за електрична енергија на партијата. Со одредбите на наведениот договор партијата е обврзана да врши плаќање/подмирување на потрошената електрична енергија. Со одлука донесена од претседателството на партијата на ден 28.12.2012 година се врши одобрување на претседателот на партијата да потпише договор за санирање на деловен простор на правниот субјект (кој во 2010 година отстапил на партијата броило за електрична енергија). Во рамките на деловниот простор се наоѓаат и просториите на ПЦЕР, со што вложените средства да се пресметаат во закупнина и да се изврши компензирање. На ревизијата не е презентиран склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски со правниот субјект за користење на деловниот простор и утврдување на висината на закупнината. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи и има влијание врз можноста од потврдување на наменското користење на средствата на партијата.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да превземе мерки и активности за склучување договор за уредување на меѓусебните права и обврски со изнајмувачот на деловниот простор.

3.1.5. Со извршената ревизија на благајничкото работење и презентираната поткрепувачка документација за евидентираните трансакции платени во готово, ревизијата ги утврди следните состојби:

- за извршениот промет на подигнати/исплатени парични средства во готово и искажаните расходи во вкупен износ од 1.984 илјади денари не е воспоставена пракса за изготвување на каса прими/каса исплати и дневник на благајна при задолжувањето односно раздолжувањето со пари во готово,
- за искажаниот расход за извршените плаќања во готово во вкупен износ од 1.027 илјади денари на име дневници за службени патувања во земјата не е презентирана документација (патни налози и друго) како основ на извршената евиденција;
- во известувачкиот период исплатени се 574 илјади денари на име трошоци за гориво[2], врз основа на приложени сметкопотврди за готовинско плаќање, без притоа истите да содржат податоци за регистарските таблички на возилата и без изготвување на патни налози за приложените сметки за патарини во износ од 20 илјади денари и сметки за гориво,
- не е пресметан/евидентиран/платен персонален данок од доход за личните издатоци што се направени за набавеното гориво во износ од 64 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководство за непрофитни организации, Законот за платниот промет и Законот за персонален данок од доход и влијаат на можноста на потврдување на расходите и квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои што ги даваат истите.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да укаже на одговорните лица за водење на деловните книги за:

- изготвување на каса прими/каса исплати и дневик на благајна при задолжувањето односно раздолжувањето со пари во готово;
- изготвување и приложување на пропратна документација (патни налози и друго) како основ на извршените исплати/пресметување/ евидентирање/плаќање на персонален данок од доход за личните примања.

[2] Презентирана е Одлука донесена од претседателството на партијата од ден 28.12.2012 година со која на претседателот на партијата се одобрува користење на гориво за автомобил за кој е наведен бројот на регистрацијата во износ од 2 илјади денари дневно;

## 3.2. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.2.1. При увидот во начинот на евидентирање и искажување на износите на обврските кон добавувачите и на сметката активни временски разграничувања во деловните книги на ПЦЕР и придружната документација ревизијата ги утврдивме следниве состојби:

- извршено е евидентирање на платени обврски кон добавувачите во вкупен износ од 263 иљади денари за кои не се презентирани уредни и веродостојни документи (фактури);
- постои неусогласеност за износ од 541 иљада денари на податоците презентирани на позицијата активни временски разграничувања во билансот на состојба и податоците содржани во деловните книги.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за непрофитните организации и предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи во билансот на состојба и намалување на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да превземе мерки и активности со кои искажувањето на сметководствените настани во деловните книги да се врши врз основа на уредни и веродостојни документи.

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.2. Согласно статутарните одредби, членството на ПЦЕР се организира во следните облици на делување и тоа: општински организации, градска организација и републичка организација. На ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните субјекти/физичките лица каде партијата користи деловен простор, како основ за потврдување на искажаните расходи во износ од 58 иљади денари на име наемнини/закуп на деловен простор. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за облигациони односи и оневозможува да се изврши потврдување на вкупните трошоци во случаите каде што партијата користи деловен простор со надомест или за висината на примените донации во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Надлежните органи на партијата да донесат соодветен акт со кој ќе ја уредат потребата за користење на деловен простор и да пристапат кон уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физичките лица, сопственици на деловен простор.

3.2.3. Со извршеното споредување на податоците презентирани во деловните книги, придружната документација и податоците во финансискиот извештај/биланс на приходите и расходите ревизијата утврди дека се искажани поголеми износи во финансискиот извештај и тоа:

- во делот на презентираните податоци за претходниот известувачки период расходи во износ од 1.500 илјади денари;
- во делот на презентираните податоци за известувачкиот период приходи во износ од 650 илјади денари.

Наведените состојба не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансиските извештаи и намалување на квалитетот на податоците кои ги даваат истите.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да укаже на лицето задолжено за водење на деловните книги и изготвување на финансиските извештаи на потребата од усогласување на износите искажани во деловните книги и финансиските извештаи.

3.2.4. При презентирањето на информациите за настанатите трансакции во деловните книги на партијата во известувачкиот период, лицето задолжено за водење на деловните книги не обезбедило доследно почитување на модифицираното сметководствено начело за искажување на приходите и расходите, заради што не е искажан вкупен износ на расходи од 317 илјади денари, кој произлегува од:

- неискажани расходи во износ од 555 илјади денари за реализирани плаќања на обврски кон добавувачите од трансакциската сметка во текот на известувачкиот период,
- повеќе искажани расходи во износ од 238 илјади денари за неплатени фактури т.е. неисплатени парични средства од трансакциската сметка на партијата.

За период 01.01. до 31.01.2013 година на ревизијата не и се презентирани изводи од трансакциската сметка на партијата со што се изврши

ограничување на делокругот на ревизијата и се оневозможи потврдување на искажаните приходи/расходи кои се однесуваат за известувачкиот период. Наведената состојба не е во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководството за непрофитните организации и влијае на искажаниот износ на вишок на приходи над расходи и на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои што ги даваат истите.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да укаже на лицето задолжено за водење на деловните книги и изготвување на финансиските извештаи на потребата од доследна примена на модифицираното сметководствено начело за признавање на приходите и расходите во деловните книги.

3.2.5. Во деловните книги и финансиските извештаи на ПЦЕР за известувачкиот период искажани се приходи во износ од 250 илјади денари кои се уплатени од друг правен субјект со опис на трансакцијата „по цесија“. На ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни документи од кои може да се утврди целта и намената на уплатените парични средства. Ваквата состојба не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и Законот за финансирање на политичките партии и ја оневозможува постапката за потврдување на законитоста на изворите на финансисрање на партијата.

**Препорака**

Законскиот застапник на партија да обезбеди уредни и веродостојни документи за примените парични средства и да ја преиспита нивна усогласеност како извор на финансирање на активностите на партијата соглсно одредбите на Законот за финансирање на политичките партии.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.2. е: неможност од потврдување на вкупните трошоци во случаите каде што партијата користи деловен простор со надомест или за висината на примените донации во случаите каде што партијата користи објект без надомест; отсуство на примена на модифицираното сметководствено начело за искажување на приходите и расходите и помал износ на искажани расходи и неусогласеност помеѓу износите презентирани во деловните книги/заклучниот лист и финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР за 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење - за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[3]„.

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и

[3] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[4]". Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[5] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни

[4] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[5] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481- Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Во член 13 став 1 алинеа 1 и во член 14 од Законот за финансирање на политичките партии наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии помеѓу кои е финансирањето по основ на членарина, а под членарина се смета редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно на наведениот закон, во член 55 од Статутот на ПЦЕР е уредено дека партијата стекнува финансиски средства обезбедени меѓудругото и од партиска членарина. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека во

известувачкиот период не се искажани приходи од наплатени средства на име членарини. Ваквата состојба влијае на можноста на обезбедување на средства за самофинансирање на партијата.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | | |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 1.817 | 1.743 |
| Други приходи | 250 | 80 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 650 | - |
| **Вкупно приходи** | **2.717** | **1.823** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 1.434 | 320 |
| Други расходи | 1.283 | 1.503 |
| **Вкупно расходи** | **2.717** | **1.823** |

Образложенијата дадени од страна 19 до 28 се составен дел на финансиските извештаи

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 220 | 1.689 |
| Активни временски разграничувања | 1.286 | 454 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.506** | **2.143** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 26 | - |
| **Вкупно постојани средства** | **26** | **-** |
| **Вкупна актива** | **1.532** | **2.143** |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 437 | 430 |
| **Вкупни краткорочни обврски** | **437** | **430** |
| **Извори на деловните средства** | | |
| Деловен фонд | 1.095 | 1.713 |
| Ревалоризациона резерва | - | - |
| **Вкупно извори на средства** | **1.095** | **1.713** |
| **Вкупна пасива** | **1.532** | **2.143** |

Образложенијата дадени од страна 19 до 28 се составен дел на финансиските извештаи

## ПРЕГЛЕД

## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | 1.713 | 1.713 |
| **Зголемување по основ на:** | - | - |
| **Намалување по основ на:** | **618** | **618** |
| Останати намалувања | 618 | 618 |
| **Состојба 31.12.2012 година** | 1.095 | 1.095 |

Образложенијата дадени од страна 19 до 28 се составен дел на финансиските извештаи

## ПРОМЕНИ КАЈ МАТЕРИЈАЛНИТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | Опрема | Останати средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | 1 | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2012** | - | | - |
| Набавки во текот на годината | 27 | | 27 |
| **Вкупни зголемувања:** | **27** | | **27** |
| **Вкупно намалување:** | - | | - |
| **Состојба на ден 31. Декември 2012** | **27** | | **27** |
| **Исправка на вредност** | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2012** | - | | - |
| Амортизација за тековната година | 1 | | 1 |
| **Состојба на ден 31.Декември 2012** | **1** | | **1** |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2012** | **26** | | **26** |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2011** | - | | - |